УНИБанка
Твојата Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката), на седницата одржана на ден 04.05.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на Друштво за ревизија**

1. Се избира Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје да ја изврши ревизијата на финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година.

2. Одлуката влегува во сила до денот на донесувањето.

СО.број:0201/4-9/2023
04.05.2023 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

**Образложение**
**кон Предлог-Одлуката за избор на Друштво за ревизија на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година**

Согласно член 105 од Законот за банките, Банката е должна да определи друштво за ревизија кое ќе ги изготви ревизорските извештаи на банката за 2023 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банките и одредбите од Статутот на Банката, се проследува до Собранието за одобрување и конечен избор.

Надзорниот одбор на седницата одржана на ден 31.03.2023 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на друштво за вршење на ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2023 година и го достави до Собранието на Банката за донесување одлука за назначување на друштво за ревизија.

Врз основа на извршениот избор Банката ќе склучи договор врз основа на кој ќе биде изготвен извештај и независно мислење согласно законската регулатива и МСФИ.